# PKI Декларација (PDS)

**Verba Sign, Verba Seal, Momentum**

Верзија 2.1

Датум : 15.01.2025

111.08

**КИБС АД Скопје**

© 2025 КИБС АД Скопје, сите права задржани

http://www.kibstrust.com/

## Право на интелектуална сопственост

Авторското право по овој документ припаѓа на КИБС. Сите права се задржани. Освен како што е лиценцирано подолу, ниту еден дел од оваа публикација не може да се репродуцира, складира или вметне во систем за пребарување, или да се пренесува, во која било форма или на кој било начин (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходно писмено одобрение на КИБС.

Барањата за која било дозвола за репродукција на оваа публикација (како и барањата за копии од КИБС) мора да бидат упатени до КИБС, „Кузман Јосифовски Питу“ број 1, 1000, Скопје, Република Северна Македонија; насловено до: Одговорен за управување со давателот на доверливи услуги. Тел: +389 2 3297 412, е-пошта: helpdesk@kibstrust.mk.

## Историја на промени

| Верзија | Дата | Автор | Цел на промената |
|---|---|---|---|
| 2.1 | 15.01.2025 | Лиле Гаговска | Промени во глави 4, 8 и 14 |
| 2.0 | 09.09.2022 | Марин Пиперкоски | Спојување на Декларацијата за користење квалификувани сертификати за електронски потписи, електронски печати и Декларацијата за користење на временски жигови во една декларација – PKI декларција (PDS).<br>Промена на шифрирање на документот од 4-111.01-02 станува 111.08. Преуредување наслови и содржини. |
| 1.0 | 01.04.2021 | Марин Пиперкоски | Нов документ поврзан со коренски сертификат од генерација 2 (G2) на давателот на доверливи услуги КИБС |

## Содржина

1. Преглед 4
2. Контакт информации 4
3. Важни информации 4
4. Типови на сертификати, процедури за докажување на идентитет и користење 4
5. Поништување 5
6. Обврски на претплатникот 5
7. Обврски на засегнатата страна 6
8. Обврски за проверка на статусот на сертификатот на засегнатата страна 6
9. Ограничување за чување на записи 6
10. Применливи договори, CP/CPS 6
11. Достапност за лица со посебни потреби 6
12. Политика за поврат на средства 7
13. Политика за приватност 7
14. Лиценци за складишта, заштитени марки и ревизија 7
15. Ограничена гаранција и одрекување, ограничување на одговорност 8
16. Применлив закон, жалби и механизам за решавање спорови 8

# 1. Преглед

Овој документ има за цел е да им се даде на претплатникот и на засегнатите страни поврзани со квалификуваните сертификати и квалификуваните доверливи услуги, краток преглед на информациите кои се достапни во документите на KIBSTrust наречени: ,,Правила и постапки за издавање на квалификувани сертификати (KIBSTrust CP/CPS)“ и „Правила и услови за користење на квалификувани доверливи услуги (Правила и услови)“.

Овој документ не ги заменува Правилата и условите ниту пак KIBSTrust CP/CPS, туку само ги резимира клучните точки во корист на Претплатниците и на Засегнатите страни. Сите документи се достапни на адресата: https://www.kibstrust.com/repository.

# 2. Контакт информации

Сите прашања и забелешки во врска со содржината на наведените документи може да бидат упатени до:

КИБС АД Скопје (KIBSTrust)
бул. ,,Кузман Јосифовски Питу" 1, 5-ти кат,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 5513 444, +389 2 3297 444
https://www.kibstrust.com
pma@kibstrust.com
(понеделник - петок 8.30 - 16.00 централно европско време).

# 3. Важни информации

- Претплатникот треба да ги знае и да ги прифати важечките Правила и услови на KIBSTrust.
- Претплатникот мора да го заврши процесот на издавање сертификат во рок од 30 дена од датумот на поднесување на апликацијата за сертификат.
- Претплатникот ќе има законски услови или ќе биде соодветно овластен да ја поднесе апликацијата за сертификат.
- Претплатникот се согласува да го користи уредот за создавање квалификувани потписи (QSCD) кој ќе биде обезбеден од KIBSTrust. QSCD може да биде или локален или далечински. Претплатникот е единствено одговорен за правилната употреба на QSCD.
- Претплатникот може да бара необјавување на сертификатот во Јавниот именик на KIBSTrust.
- Претплатникот е одговорен за плаќање на сите надоместоци за понудената доверлива услуга, како и за секој надоместок што произлегува од неправилната употреба на сертификатот или услугата за доверба.
- KIBSTrust не е одговорен за работењето на софтвер или други апликации обезбедени од трети страни надвор од контролата на KIBSTrust.

# 4. Типови на сертификати, процедури за докажување на идентитет и користење

KIBSTrust ги издава типовите сертификати наведени подолу на локално и далечинско средство за креирање потпис или без средство за креирање потпис.

- Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис издаден на физичко лице со можност за користење на локално или далечинско QSCD.
- Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис за физичко лице, без користење на QSCD.
- Квалификуван сертификат за квалификуван електронски печат за правно лице со можност за користење на локално или далечинско QSCD.
- Квалификуван сертификат за напреден електронски печат за правно лице, без користење на QSCD.
- Квалификуван временски жиг.

Квалификуваните сертификати за електронски потписи или печати се долгорочни сертификати.
Долгорочниот сертификат е валиден од 1 до 3 години.

Идентитетот на претплатникот се потврдува со користење на следниве методи:

- со физичко присуство на претплатникот кој доставува прифатливи официјални документи за идентификација (член 24, став 1а од eIDAS регулативата и член 11 од Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги); или
- далечински, со квалификуван сертификат за електронски потпис или електронски печат (член 24 став 1в од eIDAS регулативата и член 11 од Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги; или
- еквивалентно на физичко присуство, Далечинска проверка на идентитетот со употреба на метод кој овозможува сигурност еднаква на физичкото присуство (член 24, став 1 г од eIDAS регулативата и член 31 од Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги).

Постапките за проверка (валидација) се во согласност со последната верзија на документот „Работа во РК со квалификувани сертификати за електронски потпис и електронски печат (103.01)“ и се дел на образецот за „Порачка и договор“ за набавка на сертификат.

Сертификатите се користат исклучиво како што е предвидено во KIBSTrust CP/CPS и во Правилата и условите. Се забранува секое користење кое е различно од предвиденото.

## 5. Поништување

Претплатникот кој бара поништување или наследник, под услов да има законско право, кој сака да побара поништување во случај на починат претплатник (физичко лице), треба да испрати барање до давателот на доверливи услуги КИБС со е-порака на адресата revoke@kibstrust.com, да стапи во контакт преку телефон на +389 2 3297444 или алтернативно, да достави образец за поништување преку услужниот веб портал на KIBSTrust или лично во РК/ЛРК. KIBSTrust благовремено ќе го започне процесот на поништување на сертификатот.

## 6. Обврски на претплатникот

Претплатникот на сертификат ги има обврските наведени во KIBSTrust CP/CPS и во Правилата и условите. Имено, Претплатникот треба, меѓу другото, да ги почитува следниве обврски:

- Во процесот на барање на сертификат и идентификација да му обезбеди на Издавачот сигурни докази за да го потврди неговиот/нејзиниот идентитет и идентитетот на организацијата со која тој/таа е поврзан;
- Да го провери издадениот сертификат и да потврди дека информациите за идентификација содржани во сертификатот се точни;
- Да биде единствената личност која го користи приватениот клуч кој соодветствува на јавниот клуч во сертификатот;
- Да се осигура дека сертификатот во времето на неговата употреба не е истечен и не е поништен;
- Да го користи сертификатот само на начините и за целите предвидени во KIBSTrust CP/CPS;
- Претплатникот треба да ја заштити и да ја обезбеди сигурноста на локалното средство за креирање квалификуван потпис или печат (QSCD) или податоците за автентикација во случај на далечинско средство за креирање квалификуван потпис или печат;
- Да не го остави изложено локалното средство за креирање квалификуван потпис или печат или податоците за автентикација, во случај на далечинско средство за креирање квалификуван потпис или печат, и да го смести на безбедно место;
- Да се однесува со локалното средство за креирање квалификуван потпис или печат или податоците за автентикација, во случај на далечинско средство за креирање квалификуван потпис или печат како со предмет кој содржи приватни податоци;
- Во случај на потврдено компромитирање на своите приватни клучеви, веднаш да го контактира KIBSTrust;
- Да извести за какви било промени на информација доставена во текот на барањето на сертификат или промена во поднесените придружни документи;

Веднаш да побара поништување на сертификат, доколку претходно воспоставените односи со лицето, предмет на сертификација прекинале или престанале да постојат.

## 7. Обврски на засегнатата страна

Засегнатата страна го проверува статусот на сертификатите на кои сака да се потпре. Еден од начините на кои може да се провери статусот на сертификатот е со проверка на последната Листа на поништени сертификати (CRL) на KIBSTrust кој го издал сертификатот на којшто Засегнатата страна сака да се потпре.

Освен тоа, Засегнатата страна може да го исполни барањето за проверка на статусот на сертификатот преку складиштето на KIBSTrust, или со користење на услугата OCSP за проверка на статусот на сертификатот. KIBSTrust обезбедува Засегнатата страна да има информација како да ја најде соодветната Листа на поништени сертификати (CRL), складиштето или начинот на користење на услугата OCSP за да провери дали сертификатот е поништен.

## 8. Обврски за проверка на статусот на сертификатот на засегнатата страна

Засегнатата страна ќе го провери статусот на сертификатот на кој сака да се потпре. Статусот на сертификатот се проверува преку консултација на најновата CRL издадена од давателот на доверливи услуги кој го издал сертификатот на кој засегнатата страна сака да се потпре.

Алтернативно, засегнатата страна може да го задоволи ова барање на проверка на статусот на сертификатот со користење на веб-базираното складиште на KIBSTrust (https://e-shop.kibstrust.com/raforms/VerbaSearchCert.aspx) или со користење на јавно достапен OCSP на адреси http://ocsp2.kibstrust.com и http://ocsp3.kibstrust.com. URL-адресата на услугата OCSP е вклучена и во сертификатот во полето кое посочува на пристап до информации од давателот на доверливата услуга (AIA) во согласност со профилот на сертификатот.

KIBSTrust е должен да ги објави сертификатите што ги издава на својата веб-страница: https://e-shop.kibstrust.com/raforms/VerbaSearchCert.aspx, со цел трето лице да може да направи пребарување. Претплатникот мора да даде согласност за објавување на информациите од сертификатот.

## 9. Ограничување за чување на записи

Ревизорските записи се чуваат локално во период од најмалку 2 (два) месеци. Физичките или дигиталните архивски записи во врска со барањата за издавање сертификат, информациите за регистрација и барањата или апликациите за суспендирање, прекин на суспендирањето и за поништување се чуваат во период од најмалку 10 (десет) години по истекот на соодветниот сертификат.

## 10. Применливи договори, CP/CPS

Релевантни договори, правила и пракса во врска со користењето на сертификатите се:

- Правила и постапки за издавање на квалификувани сертификати (KIBSTrust CP/CPS).
- Правила и постапки за издавање на временски жигови.
- Правила и услови за користење на квалификувани доверливи услуги.
- Правила за осигурување од професионална одговорност на давателот на доверливи услуги.
- Политика на приватност.

Тековните верзии на претходно горенаведени применливи документи се јавно достапни во складиштето на КИБС https://www.kibstrust.com/repository.

## 11. Достапност за лица со посебни потреби

Издавањето Квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати вклучува процеси на онлајн нарачка и идентификација лице-в-лице од страна на вработен во РК / ЛРК или преку интернет.

Поднесувањето нарачка преку интернет е достапно за лица со посебни потреби, доколку нивните работни станици, користените оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени за потребите на лицата со посебни потреби.

Доколку извршување на нарачката онлајн не е можно, лицата со посебни потреби можат да дојдат во просториите на РК / ЛРК на КИБС. Пристапот до канцеларијата на РК / ЛРК на КИБС е без бариери. Информациите за непречен пристап до ЛРК и овластените субјекти на трети страни се јасно прикажани на

веб-страницата https://www.kibstrust.com. Покрај тоа, КИБС на барање на клиентот нуди услуга за помош дома за подготовка на нарачка и препознавање лице-в-лице од страна на свои вработени или вработени во овластени субјекти на трети страни.

Исто така, нарачката може да биде подготвена за лица со посебни потреби кога истите ќе пристигнат во РК, ЛРК или просториите на овластените субјекти на трети страни од страна на вработени на КИБС, ЛРК или овластени субјекти на трети страни. Во овој случај, лицата со посебни потреби пожелно е да бидат придружени од лица кои ги разбираат потребите и стекнале доверба од лицето со посебни потреби за да го забрзаат процесот на издавање сертификат.

Употребата на издадени квалификувани сертификати за лица со посебни потреби зависи од тоа како нивните работни станици, оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени на нивните посебни потреби.

## 12. Политика за поврат на средства

KIBSTrust прави напори да обезбеди највисок степен на квалитет на своите услуги. Сепак:

Претплатникот, во рок од пет (5) дена од денот на активирањето на сертификатот може да поднесе рекламација за сертификат, локалното или далечинско QSCD во случај на невалидно функционирање, едноставно предизвикано поради фабричка грешка, неможност да се пристапи или поради што сертификатот, локалното или далечинско QSCD не соодветствуваат на описот, намената и употребата што се декларирани и објавени од страна на KIBSTrust.

КИБС нема да прифати никакви побарувања за дефекти на сертификатот, локалното или далечинско QSCD за штети предизвикани поради вина или активности преземени од Претплатникот.

Претплатникот има право да се повлече од online подготвената нарачка пред активирањето на сертификатот. Доколку Претплатникот не се појави или не достави соодветна документација во рок од 30 (триесет) дена од својата нарачка на квалификуван сертификат за електронски потпис или печат во / до регистрационата канцеларија (РК) / локалната регистрациона канцеларија на Давателот на доверливи услуги, нарачката ќе биде автоматски отфрлена од системот. Во овој случај, доколку Претплатникот веќе платил за Сертификатот за електронски потпис, електронски печат или електронски временски жиг, КИБС нема да ја врати уплатата, туку ќе го поврзе ова плаќање со нова постапка за купување сертификат за време на тековната фискална година. Преносот на уплатата во нова фискална година не е дозволено.

- Барањата за поврат на средства поврзани со издавањето на квалификувани сертификати за електроснки потпис, електросни печат и временски жиг KIBSTrust ги разгледува поединечно а враќањето на средства зависи од случајот. Во многу ретки случаи, КИБС може да изврши рефундирање на Претплатникот. Остварувањето на правото за поврат на средства, Претплатникот го прави во писмена форма со испраќање електронска порака до KIBSTrust на helpdesk@kibstrust.com.

## 13. Политика за приватност

КИБС ги обработува личните податоци во согласност со применливите закони за заштита на лични податоци кои се во сила. За повеќе информации, погледнете го документот „Политика за приватност“ на KIBSTrust на https://www.kibstrust.com/repository.

## 14. Лиценци за складишта, заштитени марки и ревизија

КИБС користејќи го својот бренд KIBSTrust е Давател на доверливи услуги за квалификувани електронски потписи, квалификувани електронски печати и временски жигови е регистриран во **Регистарот на даватели на квалификувани доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација** на Министерството Дигитална Трансформација (МДТ) објавен на https://trusteid.mdt.gov.mk/registar_listi/.

Предуслов за таквата регистрација е усогласеност со применливи прописи и стандарди. Телото за оценување на сообразноста е акредитирано во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 како надлежно за оценување на сообразноста на давателот на квалификувани доверливи услуги на регуларна годишна основа. Заклучоците од ревизија или сертификатите кои се базираат на резултатите од ревизија на оценувањето на сообразноста, извршено во согласност со регулативата eIDAS, и шемата за акредитација: ISO/IEC 17065 + ETSI EN 319 403 + eIDAS член 3.18 Обем на акредитација.

# 15. Ограничена гаранција и одрекување, ограничување на одговорност

За ограничувањата на гаранциите и одговорноста, погледнете го документот Правила и услови објавен на веб-страницата на КИБС: https://www.kibstrust.com/repository.

# 16. Применлив закон, жалби и механизам за решавање спорови

Сите спорови во врска со доверливите услуги кои ги обезбедува КИБС се регулираат во согласност со законите на Република Северна Македонија. Претплатникот мора да го извести КИБС за спор поради сите барања или жалби најдоцна 30 (триесет) календарски дена по откривањето на основата за барањето, освен ако не е поинаку предвидено со закон.

Доколку спорот не се реши во рок од 60 (шеесет) дена по првичното известување, страната може да побара правно решавање. Надлежниот суд во Скопје ќе има исклучива јурисдикција за сослушување и решавање на кој било спор.

Овој документ е подготвен на македонски и на други јазици. Во случај на конфликт помеѓу оригиналниот документ на македонски јазик и неговиот превод на друг јазик, преовладува документот на македонски јазик.

**Крај на документот**